Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 345//0306
16.09 20 25 год.
Скопје

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на седницата одржана на 29.08.2025 година, врз основа на примена жалба од политичката партија **ВМРО ДПМНЕ,** го донесе следново:

**МИСЛЕЊЕ**

**ЖАЛБАТА Е ОСНОВАНА**

Текстот со наслов **„(Фото) Премиерот има замок во Хрватска“,** објавен од интернет порталот – онлајн медиум Инфомакс.мк (infomax.mk) на 12.08.2025 г., отстапува од професионалните и етичките стандарди при известувањето.

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

## ЖАЛБА

Жалителот до СЕММ на 12.08.2025 г., упати жалба за текстот со наслов „(Фото) Премиерот има замок во Хрватска“, објавен од интернет порталот – онлајн медиум Инфомакс.мк (infomax.mk) на 12.08.2025 г., при што се жали на незастапена втора страна, неточно и нефер известување, мешање на факти и мислења, вест со коментар и пристрасност и неурамнотеженост во информирањето.

Во жалбата, меѓу другото, се наведува дека текстот „е комплетна лага. Иако насловот е објавен во прашална форма, наведувачки е, не е застапена втората страна, не е истражена содржината на објавата, неурамнотежено е структуирана и не се работи за вест базирана на факт, ниту пак на мислење, туку за партиска пропаганда темелена на целосна невистина. Премиерот Мицкоски не поседува никакви недвижности во Хрватска и Црна Гора. Куќата која е предмет на лажната пропаганда е во сопственост на институции на државата Хрватска, за што известија и медиуми“.

Во жалбата на СЕММ му е доставена целата содржина во пдф формат (компјутерски скриншот од текстот), како и поширокото образложение на жалителот со линк и до хрватски медиум.

## ОДГОВОР НА МЕДИУМОТ

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со востановената процедура (член 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби), по приемот на жалбата стапи во контакт со медиумот и побара да се изјасни по однос на наводите во жалбата.

Притоа, го потсети медиумот и на можноста случајот да се реши по пат на медијација, пред да биде разгледуван од членовите на Комисијата за жалби.

До СЕММ во предвидениот рок не беше доставен одговор од медиумот, а покрај тоа објавата е избришана.

## МИСЛЕЊЕ НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ

Комисијата за жалби утврди дека текстот со наслов „(Фото) Премиерот има замок во Хрватска“, објавен од интернет порталот – онлајн медиум Инфомакс.мк (infomax.mk) на 12.08.2025 г., отстапува од професионалните и етичките стандарди при известувањето, при што е прекршен член 1 од Кодексот на новинарите на Македонија.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА МИСЛЕЊЕТО

Комисијата ги разгледа фактите поврзани со случајот и утврди дека станува збор за текст преземен во целост од објава на Фејсбук за која медиумот наведува дека е од активист на опозициската партија СДСМ, а се однесува на сомнеж дали премиерот Христијан Мицкоски има недвижен имот во Хрватска.

Комисијата, откако ги разгледа аргументите на жалителот и објавата, процени дека медиумот не само што ја довел јавноста во заблуда, туку и ја користел својата платформа како огласна табла на партиска пропаганда од спротивниот табор. Аргументот „само пренесовме“ не постои во новинарството: со самото објавување медиумот ја презема целата одговорност за содржината.

Насоките за етичко известување во онлајн медиумите децидно наведуваат дека „медиумите се должни внимателно да ја проверат веродостојноста на информациите добиени од интернет пред нивното објавување“. Од тука, медиумот бил должен да направи обид да ги провери фактите и тврдењето во објавата, но тоа не било сторено во овој случај.

Поради тоа Комисијата сметаше дека е прекршен член 1 од Кодексот на новинарите на Македонија:

**Член 1**

> Новинарот има право на слободен пристап до сите извори на информирање што се од јавен интерес. Новинарот треба да објавува точни, проверени информации и нема да прикрива суштински податоци и да фалсификува документи. Доколку информацијата не може да се потврди, или станува збор за претпоставка, односно шпекулација, тоа треба да се каже и да се објави. Точноста на информацијата треба да се провери колку што е тоа можно.

* * *

Во согласност со наведеното, Комисијата едногласно одлучи како што е погоре наведено. Во работата на Комисијата учествуваа членовите: Снежана Трпевска, Сефер Тахири, Тамара Чаусидис, Жана Божиновска и Димитар Мицев.

Со почит,

Совет за етика во медиумите
на Македонија

Претседателка на Комисијата за жалби
Снежана Трпевска

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595